Предлог одлука

Врз основа на член 415-в став 1 и став 4 од Законот за трговските друштва, член 127 став 2 и став 4 од Законот за супервизија на осигурување, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, член 55 од Статутот бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година на **Акционерското друштвото за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст Друштво), а во врска со точка 10 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на годишно собрание за деловната 2017 година бр.02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, акционерите на Друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година**, одржано на ден **27.04.2018 година**, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работењето на**
**Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2017 год**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на **Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2017 година**, за кој е добиено и позитивно мислење од страна на Надзониот одбор на Друштвото.

2. Извештајот за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2017 година е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

______________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk